Политичка партија ЛЕВИЦА
Бр. ЏП-218/25
25.09.2025
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 25.09.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 01 | 4091/3 | | |


**Политичка партија ЛЕВИЦА**
ул. „Гане Тодоровски" бр. 24/1-1; Општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070 | ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729


**Итно !**

**ДО:**

**1. АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
*Совет на АВМУ – за Претседател: г. Сашо Стефановски и за сите членови
*Директор: Зоран Трајчевски (лично на рака!)
ул. „Македонија" бр. 38 (Палата „Панко Брашнаров") – 1000 Скопје
тел. 02/3103-400
www.avmu.mk | contact@avmu.mk

**2. ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54 – 1000 Скопје
тел. 02/32-44-744 | факс: 02/32-44-745
www.sec.mk | izbori@sec.mk

**3. ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
ул. „Јордан Мијалков" (Палата Емануел Чучков) – 1000 Скопје
тел. 02/32-11-262 | факс: 02/31-26-211
www.dzr.mk | dzr@dzr.gov.mk

**4. ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
*СИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ДКСК
ул. „Пресвета Богородица" бр. 3 – 1000 Скопје
тел. 02/3248-930
www.dksk.mk | contact@dksk.org.mk

**5. КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**
ул. „Даме Груев" бр. 1 – 1000 Скопје
тел. 02/3 232-368 | 02/3 216-892
www.kszd.mk | contact@kszd.mk

# ПРЕТСТАВКА

## (Забелешки и правно мислење по повод противуставноста и политичката дискриминација на Нацрт-упатството за ППР)

**ПОДНОСИТЕЛ:** **Политичка партија ЛЕВИЦА**
[ВО СВОЈСТВО НА ОПОЗИЦИСКА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА]
ул. „Гане Тодоровски" бр. 24/1-1 – Општина Центар, 1000 Скопје
ЕМБС: 7108192 | ЕДБ: 4044016512070
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729

**ВРСКА:** **<u>Нацрт-Упатство за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година</u>** – број на ААВМУ: 01-4091/1 (од 24.09.2025 год.)

**Политичка партија Левица**
ул. „Гане Тодоровски“ бр. 24/1-1; Општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070 | ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729

Врз основа на членот 24 од *Уставот на Република С. Македонија* (1991); чл. 3, ст. 1 од *Законот за постапување по претставки и предлози* (Сл. весник на РМ бр. 82/2008 и 56/09, 13/13, 156/15, 193/15, 208/24); чл. 2, ст. 1, чл. 4, ст. 1, ал. 1 и 8, чл. 14 и чл. 138 од *Законот за општата управна постапка* (Сл. весник на РМ бр. 124/2015 и 65/18); чл. 23, ст. 1 од *Законот за спречување и заштита од дискриминација* (Сл. весник на РМ бр. 258/2020); како и Вашиот циркуларен мејл од 23 септември 2024 година, со наслов *Покана за учество на јавна расправа за Нацрт-Упатство за радиодифузерите*; како и врз основа на Дописот од четирите институции до Собранието на РМ и неговиот претседател Африм Гаши, насловен како *Известување за примена на одредби од Изборниот законик поврзани со платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2025* со приемен бр. 08-5076/1 (од 16.09.2025), до Вас – како надлежен орган – ја поднесуваме оваа писмена ПРЕТСТАВКА со **Забелешки и правно мислење** (лат. *Opinio iuris*) по повод противуставноста и политичката дискриминација на Нацрт-упатството за ППР)

## *Образложение*

*Почитувани,*

Како опозициона парламентарна политичка партија со своја пратеничка група во Собранието на РМ, реагираме по повод Нацртот на новото скандалозно и досега невидено и нечуено *Упатство за радиодифузерите за Локалните избори 2025*, а propos произволното, паушално и противправно толкување и извитоперување на смислата и духот на законските одредби од *Изборниот законик* – и тоа во следново:

### I

***Точката 3*** од предметното Нацрт-Упатство е ПРОТИВУСТАВНА И ПРОТИВЗАКОНИТА, особено во алинеите 1 и 2:

- „Во максимум 4-те минути наменети да **двете** најголеми политички партии од позицијата, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ (Коалиција Твоја Македонија) и на политичка партија Движење БЕСА (Коалиција ВЛЕН);
- „Во максимум 4-те минути наменети да **двете** најголеми политички партии од опозицијата, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на политичката партија СДСМ (Коалиција за Локални избори 2025) и на политичка партија ДУИ (Национална алијанса за интеграција – НАИ)“ [зат. цит]!?

**Политичка партија ЛЕВИЦА**
ул. „Гане Тодоровски“ бр. 24/1-1; Општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070 | ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729

Симптоматично е зошто Советот на АВМУ инсистира да се го акцентира и да се држи како слеп за стап за зборчето „ДВЕТЕ“, а притоа ги игнорира претходните термини номотехнички употребени во Законикот: „НАЈМНОГУ“ и „МОЖЕ“!? Оти ако се чита целосниот текст на ***членот 75-ѓ, ст. 1*** од *Изборниот законик*,[1] и ако се примени не буквалистичко граматичко-позитивистичко толкување, туку **јуристичко-телеолошко толкување** на цитираната одредба in praxis, ќе се дојде до несомнен јуриспруденцијален, луциден и разборит заклучок дека ЦЕЛТА на законот е да ги опфати и покрие сите регистрирани партии без исклучок кои се јавуваат во улога на „учесници“[2] во изборниот процес (значи и парламентарни и вонпарламентарни), за тие да можат да добијат соодветни и пропорционални државни финансии за ППР кои им следуваат, а притоа најмногу да добијат двете најголеми (но, не и сè)!!!

Со други зборови, двете партии МОЖЕ (но не мора) да добијат сè, оти некогаш плус може да се појават и ***други дополнителни политички субјекти*** во реалноста: три, четири или пет... партии со свои пратенички групи (од најмалку пет пратеника, колку што бара собранискиот Деловник)! Ова од причина што **законот мора да се прилагоди на реалноста, а не обратно**! Оттука, сосем е извесно дека pro futuro можеби во реалноста ќе се појави и трет, четврт или петти субјект (во власта и/или во опозицијата) – како што во случајов сега е со Движењето ЗНАМ и ПП Левица, кои имаат своја пратеничка група (со по 6 пратеника *in concreto*) и кои, по сила на закон (лат. *ex lege*) ќе мора да се вметнат во првиот и во вториот рекламен „пакет“, оти нема каде на друго место, затоа што останатите два пакета се резервирани за други категории партии – „парламенарни без пратеничка група“ и „вонпарламентарни“.

Но, со ваквата ригидна, небулозна, своеволна и драконски рестриктивна правна интерпретација правите досега невиден скандал во историјата на независна и плуралистичка Македонија – па така, за прв пат на една легална регистрирана партија ефективно (преку испуштање да се спомене, небаре е непостоечка) ќе и биде ЗАБРАНЕТО ДА СЕ РЕКЛАМИРА

[1] „За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови **МОЖАТ да одвојат НАЈМНОГУ** четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор; за двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови **МОЖАТ да одвојат НАЈМНОГУ** четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута која се распределува по претходен писмен договор и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор“ [чл. 75-ѓ, ст. 1 од ИЗ]!

[2] „'*Учесник во изборна кампања*' е овластено лице од политичка партија, коалиција или група избирачи кои ја организираат изборната кампања [чл. 2, ст. 1, т. 14 од ИЗ].

**Политичка партија Левица**
ул. „Гане Тодоровски“ бр. 24/1-1; Општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070 | ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729

дури и со свои пари!!! Ова е еклатантен облик на ***директна политичка дискриминација***[3] и **повреда на еднаквоста и рамноправноста**! За ова, ако не се превенира со време (преку тврдоглавото, малициозно и тенденциозно инсистирање на ваква неприфатлива и противуставна формулација), предвидуваме дека државата Македонија ќе изгуби пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур – Совет на Европа.

Кога ќе се земе предвид сумата за која на овој начин сме материјално оштетени, станува збор за финансиски износ во значителни размери, што го поткопува кредибилитетот на целокупниот изборен процес и истиот го прави илегален и противуставен, оти „***политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори***“ [чл. 8, ст. 1, ал. 5 од *Уставот на РМ*] е темелна вредност на уставниот поредок на Републиката! Во едно демократско општество, изборите се фер само тогаш кога СИТЕ политички партии имаат еднаква можност да допрат до граѓаните со своите пораки, идеи и програми. Рекламирањето преку медиумите е клучен начин преку кој значаен дел од граѓаните добиваат информации за тоа што нуди секоја партија. Кога власта, преку јавните органи, **незаконски забранува на опозициска партија да се рекламира** (не и доделува средства, а од сопствени не смееш!?), тоа значи дека на политичарите и кандидатите од Левица им се ускратува елементарното право на политичко дејствување, со спречување тие да припарат до приватниот медиумски сектор и да им објаснат на граѓаните што предлагаат и за што, всушност, се залагаат.

Ова има неколку драматични и *сериозни последици по демократското општествено уредување*, кое на овој начин – преку практично изоставање, игнорирање и БАНИРАЊЕ НА ОПОЗИЦИЈАТА – полека преминува во автократија:

а) **нарушување на еднаквоста** во изборната трка! Ако власта може да се рекламира, а опозицијата не, изборите стануваат нефер и резултатите се доведуваат под сомнеж.

б) **ускратување на правото на информираност на граѓаните!**[4] Основно право на граѓаните е да слушнат повеќе мислења и предлози, за да донесат свесна одлука. Кога се слуша само едната страна (бипартизмот на ДПМНЕ и СДСМ) луѓето свесно и преку приватните медиуми се манипулираат со еднострани информации и нивниот избор тогаш, лажно се стеснува и се сведува на едно те исто status-quo, како во изминатите 35 години (а тоа не е плурализам);

в) **поткопување на демократијата**! Демократските општества, како и нашето, се темелат на плурализам, односно можноста повеќе идеи и партии да се натпреваруваат за гласот на

---

[3] „Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба“ [чл. 54, ст. 3 од УРМ].

[4] „(1) Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. (2) Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, **јавното информирање** и слободното основање на институции за јавно информирање.(3) Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации... (7) Цензурата е забранета“ [чл. 16 од УРМ]!

**Политичка партија ЛЕВИЦА**
ул. „Гане Тодоровски“ бр. 24/1-1; Општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070 | ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729

граѓаните. Забраната (*de iure* и *de facto*) е јасен показател на хибриден режим, заробена државам, авторитарно владеење и страв од критика;

г) **штетата на крајот е на гласачите кои останале неинформирани**! Најголеми губитници со ваквите практики се самите граѓани, т.е. електоратот кој намал шанса да ги чуе сите учесници во процесот. Без целосна слика за понудените политики на СИТЕ, дел од гласачите, а особено оние кои чекаат политичка кампања за да се информираат (кои кај нас не се малку, за жал), ќе гласаат во услови на ограничени информации и ризикуваат да изберат опција која доминира со видливост и лажни ветувања, а не е во поширок општествен интерес, од причина што не добиле можност да ја слушнат алтернативата. Незаконската забрана за рекламирање на опозицијата не е само партиско и тахничко прашање, туку е директен политички удар врз правата на сите граѓани, нивното субјективно право на избор и информираност!

## II

***Точката 10*** од предметното Нацрт-Упатство е ПРОТИВЗАКОНИТА: „Во случаите кога подносител на потврдена листа одлучил дел од своето закупено време за ППР да го искористи за **да поддржи други учесници во изборната кампања** – радиодифузерите треба да го наведат точниот назив на нарачателот на рекламирањето, а не на поддржаните учесници во изборната кампања“ [зат. цит]!? Ова од причина што ААВМУ има законско право само да ПОЈАСНУВА и операционализира одредби од ИЗ, а нема право да законотвори, додава и да измислува нови и законски непредвидени термини.

Впрочем, Изборниот законик познава само формални **коалиции**, а не и ПОДДРЖУВАЧИ!? Ова поради фактот дека „поддржувачите“, статусно, се третираат како два различни правни субјекти за кои произлегуваат позитивно правни должности/обврски поединечно и истите одделно имаат право да организираат изборна кампања (пр. обезбедување на различни ЕДБ, различни транскциски с-ки за изборна кампања итн.). Што значи, правно и фактички, двата субјекта кои се поддржуваат немаат склучен званичен писмен договор за коалиција, онака како што налага законот, туку само си даваат неформална *јавна поддршка* – поради што вториот учесник („Поддржаниот“), согласно ИЗ, нема законски основ и argumentum a fortiori НЕ МОЖЕ и НЕ СМЕЕ прекутрупа да ги користи правата за медиумско претставување и финансиските средства за платено политичко рекламирање кои се предвидени и му следуваат на првиот учесник („Поддржувачот“)!

Ова е така поради то што во спротивен случај имаме **фаворизирање на одделни учесници** кои се надвор од законските дефинирани пакети на ППР, за тие неовластено да ги користат во изборната кампања финансиските средства од Буџетот на РМ и рекламниот

**Политичка партија ЛЕВИЦА**
ул. „Гане Тодоровски“ бр. 24/1-1; Општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070 | ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729

простор кои законски му следува на друг субјект/учесник – зависно од видот на пакетот во кој припаѓа.

Дотолку повеќе, на овој начин, преку спорната Точка 10, господата од АВМУ вршат поттикнување на вршење тешко **кривично дело** „Злоупотреба на средствата за финансирање изборна кампања“ (казниво по чл. 165-а од *Кривичниот законик*),[5] за кое е запретена затворска казна од најмалку пет години!

* * *

Надминувањето на оваа неетичка, неуставна и незаконска ситуација во која сакате да нè втурнете ја гледаме во следново:

1. **Целосно бришење** на контроверзната ***Точка 10*** од Нацрт-Упатството;
2. **Преформулирање на алинеите 1 и 2** од ***Точката 3***, со bona fide изнаоѓање *Соломонско решение* во рамките на законот, дословно како што следи:

- „Во максимум 4-те минути наменети да најголемите политички партии од позицијата, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ (Коалиција Твоја Македонија), на политичка партија Движење БЕСА (Коалиција

[5] Членот 165-а [**Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања**] од Глава XVI [*Кривични дела против изборите и гласањето*] на Посебниот дел на Кривичниот законик гласи: „(1) Организатор на изборната кампања кој со непријавување на изворот на финансии на изборната кампања, со спречување на надзорот над трошењето на планираните средства, со неподнесување на финансиски извештај за потрошените средства, со пречекорување на законските ограничувања на средствата дозволени за изборна кампања, со користење на недозволени средства за изборната кампања, со исплати спротивни на кампањата за финансирање на кампањата или на друг начин го злоупотреби своето со закон определено овластување како организатор на кампањата, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни одговорно лице во правно лице кое нема да пријави донации и други средства за финансирање на изборна кампања, ќе го спречи надзорот над финансирањето или помагањето на друг начин на изборна кампања, нема да поднесе финансиски извештај или ќе даде лажни или непотполни податоци за дадени донации и други средства, ќе ги пречекори законските ограничувања на средствата дозволени за изборна кампања, ќе обезбеди недозволени средства за изборна кампања, ќе исплати средства спротивно на намената за финансирање на кампањата или на друг начин ќе го злоупотреби своето овластување определено со закон.

(3) Тој што спротивно на ограничувањата определени со закон тајно ќе донира за туѓа изборна кампања или кампања за избори во кои самиот учествува со износ кој во поголема вредност го надминува законскиот максимум, ќе се казни со парична казна или затвор до три години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Незаконски обезбедените средства се конфискуваат“.

Чл. 165-б на КЗ [**Задолжително изрекување на казната забрана за вршење на професија, дејност или должност**] вели: „За кривичните дела од членовите 158 до 165-а на овој законик судот ќе му изрече на сторителот забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б од овој законик“.

Чл. 165-в на КЗ [**Задолжително изрекување на казната забрана за користење на средства за финансирање на политички партии**] вели: „За кривичните дела од членовите 158 до 165-а на овој законик, судот ќе му изрече на сторителот забрана за користење на средства за финансирање на политички партии под условите од членот 96-в став (1) на овој законик“!

**Политичка партија ЛЕВИЦА**
ул. „Гане Тодоровски“ бр. 24/1-1; Општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070 | ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729

ВЛЕН) и на Движењето ЗНАМ (За наша Македонија) во сооднос 3:2:1, односно од вкупно 240 секунди, 120 секунди му припаѓаат на ВМРО-ДПМНЕ, 80 секунди му припаѓаат на ВЛЕН, а 40 секунди му припаѓаат на ЗНАМ;

- „Во максимум 4-те минути наменети да најголемите политички партии од опозицијата, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на политичката партија СДСМ (Коалиција за Локални избори 2025), на политичката партија ДУИ (Национална алијанса за интеграција – НАИ) и на Политичката партија ЛЕВИЦА во сооднос 3:2:1, односно од вкупно 240 секунди, 120 секунди му припаѓаат на СДСМ, 80 секунди му припаѓаат на ДУИ, а 40 секунди и припаѓаат на ЛЕВИЦА“ [зат. цит.]!

*

НАПОМЕНА: Со надеж дека овојпат ќе наидеме на стручност, компетентност, **професионалност** и разбирање од Ваша страна, стоиме на располагање за дополнителни *правни консултации* на темава. Во спротивно, доколку не наидеме на корегирање на Вашето постапување согласно законот, Ве известуваме дека – како директно оштетена странка во значителен [милионски] износ – ќе бидеме принудени против Вас, односно против сите членови на Советот на АВМУ поименично, како солидарно одговорни службени лица-штетници, да преземеме низа правни и вонправни средства, постапки (граѓански + управни + кривични) и дејствија (лат. *Actio popularis*) кои ни стојат на располагање како флагрантно дискриминиран политички субјект.

Скопје
25.IX.2025

***Подносител:***
ПП ЛЕВИЦА
**Застапник по закон / Овластено лице:**
*проф. д-р* ***Димитар Апасиев***
*Претседател*
*(Пратеник во Собранието на РМ)*